*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И СПОРТ**
**Број 24 –4101/**
**21 јули 2025 година**
**Скопје**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Северна Македонија на петнаесетата седница одржана на 21 јули 2025 година, како матично работно тело, во **Прво читање** го разгледа

**Предлог на закон за установи за средно образование на верските заедници**

и врз основа на расправата, го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Предлог законот го образложи заменик министерот за образование и наука проф.д-р Лулзим Алиу кој истакна дека, целта на овој закон е да се обезбеди најдобриот интерес на учениците запишани во овие установи, преку создавање законска можност за полагање на државна матура согласно со Законот за средното образование и Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит Со тоа се овозможува непречено продолжување на нивното образование на универзитетите во Република Северна Македонија.

За општообразовните предмети, согласно наставниот план, ќе се применуваат наставните програми за гимназиско образование, утврдени од министерот за образование и наука. Наставните програми за предметите од областа на православната, односно исламската религија и теологија, ќе се изработуваат од страна на соодветните верски училишта и ќе се одобруваат од нивниот основач.

Во дискусијата учествуваа пратеничките: Имрлие Салиу Фетаи и Иванка Василевска.

Комисијата за образование, наука и спорт врз основа на член 149 од Деловникот на Собранието, со 9 гласа „за“ констатира дека **Предлогот на законот за установи за средно образование на верските заедници** е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.

Комисијата за известител на седницата на Собранието ја определи пратеничката Имрлие Салиу Фетаи.

**Претседател на**
**Комисија за образование, наука и спорт,**
Проф. д-р Иванка Василевска

Изработила: Јасминка Величковска
Контролирала: М. Трајчевска
Одобрил: